Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 02-785/2
20-06-2023 год.-viti
Скопје-Shkup

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје
јуни , 2023

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

<table>
<tr><td colspan="4">Годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2023 година</td></tr>
<tr><td colspan="3">врска:</td><td>Член 13 став 1 од Законот за воздухопловство</td></tr>
<tr><td colspan="2">Идентификатор на документот</td><td>важност за:</td><td>2023</td></tr>
<tr><td colspan="2">Годишен финансиски план на АЦВ за 2023</td><td>датум на издавање:</td><td>јуни 2023</td></tr>
<tr><td colspan="2">Лице за контакт –<br>Д-р Томислав Тунтев</td><td>тел. 02/ 3133 – 068</td><td>Директор</td></tr>
<tr><td colspan="2">Статус</td><td colspan="2">Намена</td></tr>
<tr><td>Работен драфт</td><td>☐</td><td>Општа и јавна</td><td></td></tr>
<tr><td>Драфт</td><td>☐</td><td>АЦВ интерна</td><td>☐</td></tr>
<tr><td>Предлог за издавање</td><td>☐</td><td>Ограничена</td><td>☐</td></tr>
<tr><td>Финално издание</td><td>☒</td><td>Верзија</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Документот доставен преку:</td><td colspan="3">Архива на Собранието на Република Северна Македонија</td></tr>
<tr><td>Изработил:</td><td colspan="3">Работна група со Решение бр.02-999/1 од 15.09.2022 год.</td></tr>
<tr><td>Предлагач:</td><td colspan="3">Директор на<br>Агенција за цивилно воздухопловство<br>_______________________<br>Д-р Томислав Тунтев</td></tr>
</table>

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ... 4
1.1. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ... 5
1.2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ ... 7
2. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ... 10
3. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ... 12
*РАСХОДНА СТАВКА 003 – НЕМАТЕРИЈАЛНИ С-ВА И ОСТАНАТИ ПРАВА ... 12*
*РАСХОДНА СТАВКА 012 – ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА ... 12*
*РАСХОДНА СТАВКА 013 – АЛАТИ, КАНЦЕЛАРИСКИ ИНВЕНТАР, МЕБЕЛ ИТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА ... 13*
*РАСХОДНА СТАВКА 401 – ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ ... 13*
*РАСХОДНА СТАВКА 403 – ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА ... 13*
*РАСХОДНА СТАВКА 408 – ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР ... 14*
*РАСХОДНА СТАВКА 410/411 – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ / ПОШТЕНСКИ, ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТЕРНЕТ И КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ ... 14*
*РАСХОДНА СТАВКА 413 – УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА ... 14*
*РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАЕМ – ЛИЗИНГ ... 15*
*РАСХОДНА СТАВКА 415 – ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ... 15*
*РАСХОДНА СТАВКА 419 – ОСТАНАТИ УСЛУГИ ... 15*
*РАСХОДНА СТАВКА 421 – ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА – БРУТО ... 16*
*РАСХОДНА СТАВКА 422 – ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ ... 16*
*РАСХОДНА СТАВКА 432 – ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА ... 16*
*РАСХОДНА СТАПКА 440 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ... 17*
*РАСХОДНА СТАВКА 441 – НАДОМЕСТ ЗА ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ... 19*
*РАСХОДНА СТАВКА 442 – ТРОШОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР ... 19*
*РАСХОДНА СТАВКА 443 – ТРОШОЦИ ЗА СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ ... 19*
*РАСХОДНА СТАВКА 444 –ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ... 19*
*РАСХОДНА СТАВКА 445 – ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ... 20*
*РАСХОДНА СТАВКА 446 – БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ ... 20*
*РАСХОДНА СТАВКА 447 – ЧЛЕНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ ... 21*
*РАСХОДНА СТАВКА 449 – ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО ... 22*
Прилог 1 ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗА 2018 ГОДИНА ... 23
Прилог 2 СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2017 И ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2018 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ... 25
1. Приходи ... 25
2. Расходи ... 26

## 1. ВОВЕД

Врз основа на член 13 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/16, 31/16, 64/18 и Службен весник весник на Република Цеверна Македонија 220/19"), Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата) донесува Предлог Годишен финансиски план кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија а по добиената согласност од Собранието на Република Северна Македонија Управниот одбор на Агенцијата донесува Годишен финансиски план.

Воздухопловството е систем кој е меѓусебно зависен од сите учесници како на меѓународно така и на национално ниво и сите тие имаат меѓународна одговорност за него.

Од Агенцијата за цивилно воздухопловство во идниот период се очекува да:

- ги постави највисоките безбедносни стандарди во воздушниот транспорт на Република Северна Македонија и да го подигне нивото на безбедност,
- ги постави највисоките сигурносни стандардни за да се намали ризикот и ја осигура мобилноста на граѓаните,да постигне регулаторна ефикасност и ефективност преку постојан надзор над воздушниот транспорт и следење и преземање на меѓународните стандарди и најдобри практики;
- ги оствари целите преку развој на човечките ресурси односно почетно и постојано школување и тренирање на своите вработени,
- воведе и исполни стандардите за квалитет и негова одржливост,
- ја подобри регионалната соработка и промовира лидерство во регионот,
- активно да учествува и соработува со меѓународните воздухопловни организации ICAO, ECAC, EUROCONTROL, JAA и EASA и да ја зголеми репутацијата на Република Северна Македонија на меѓународна сцена,даучествува во хармонизација на националната воздухопловна легислатива со воздухопловното право на ЕУ и соработува со Европската агенција за безбедност во воздухопловството и Европската комисија,
- придонесе за одржливиот економски и општествен развој на Република Северна Македонија,
- придонесе кон изнаоѓање решенија за намалување на влијанието на воздухопловството врз животната средина.

Агенцијата ја гради позицијата на воздухопловна власт согласно меѓународните стандарди, регулативи и препораки како и согласно Законот за воздухопловство и неопходно е во идниот период да преземе активности со кои ќе се обезбеди:

- интензивирање и јакнење на меѓусебните комуникации и соработка со меѓународните организации од областа на воздухопловството, како и користење на искуствата на земјите членки на Европската Унија;
- интезивирање и јакнење на соработката со Министерството за транспорт и врски надлежно за регулирање и спроведување на работите од областа на цивилното воздухопловство во однос на имплементација на Националната стратегија за развој на воздухопловството и спроведувањето на политиката на Владата на Република Северна Македонија во оваа област;

- интезивирање и јакнење на меѓусебната соработка со авиоиндустријата во земјава и почитување на препораките на ICAO за транспарентност и недискриминација при утврдување на политиката на цени на дадените услуги врз основа на принципот на развој и пораст на воздушниот сообраќај во целост;
- интензивирање и јакнење на комуникациите со останати учесници во воздушниот сообраќај врз кои Агенцијата за цивилно воздухопловство врши надзор и во делот на заштита на правата на патниците.

## 1.1. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Согласно законските одредби Агенцијата за цивилно воздухопловство има регулаторна одговорност во однос на воздухопловната безбедност на Република Северна Македонија и меѓународна одговорност во однос на воздухопловната заедница. Наша должност е да управуваме со активностите на полето на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија со цел да се обезбеди безбедно, сигурно, уредно, ефикасно, економски и еколошки остварливо воздухопловство, во согласност со меѓународните стандарди и препорачани практики на ICAO, но и усогласено и интегрирано во системот на ECAC, JAA, EUROCONTOL и EASA на Европската Унија, во интерес на сите учесници и особено насочено кон заштитата на патниците.Новите стандарди на ICAO и наложуваат на секоја договорна земја на ICAO да има своја Државна програма за безбедност во воздухопловството (ДПБ). Националната програма за безбедност е донесена од страна на АЦВ во 2011 година по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија. Агенцијата за цивилно воздухопловство го поддржува овој амбициозен план и ги анализира своите закони, прописи, методлогии и процеси.

Агенцијата за цивилно воздухопловство е движечка сила на развојот на воздухопловството на Република Северна Македонија, Агенцијата за цивилно воздухопловство ја третира воздухопловната безбедност како свој највисок приритет и своите методологии и процеси ги утврдува на нов и модерен начин. Исто така, има за цел да обезбеди јасна слика за регулаторната структура на воздухопловството, за неговото организирање и методологии како и поврзаност со партнерите на меѓународно ниво односно со ICAO, EUROCONTROL, EASA и Европската Комисија со цел да обезбеди безбедност во воздухопловството. Со примената на Националната програма за безбедност, Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија се очекува да постави највисоки стандарди за воздушниот сообраќај на Република Македонија. Јасно е дека најсуштествените елементи на воздухопловната безбедност се веќе утврдени, но наша намера е да поставиме највисоки безбедносни стандарди и да го подигнеме нивото на безбедност со цел да се сведе ризикот на минимум и да се обезбеди мобилност на граѓаните. Усогласувањето на националното законодавство за воздухопловство со воздухопловното право на ЕУ и соработката со Европската агенција за воздухопловна безбедностEASAи Европската Комисија преку примена на Мултилатералната спогодба за основање на европска заедничка воздухопловна област и Работниот аранжман со EASA е процес кој е во тек. Многу работи се завршени, но некои аспекти треба да се подобрат и наша намера е да работиме на тоа. Нашиот голем предизвик е да ги унапредиме регионалната соработка и лидерството во регионот со активно учество и соработка со меѓународните воздухопловни организации ICAO, ECAC, EUROCONTROL, JAA и EASA, а со тоа да ја подобриме

репутацијата на Република Македонија на меѓународната сцена. Визијата на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, е да обезбедува безбеден и ефикасен воздушен сообраќај кој е целосно интегриран во европската транспортна мрежа, со што ќе се придонесе и за севкупниот развој на Република Северна Македонија.

Одлуката за усвојувањето на Системот за управување со квалитет преку имплементацијата на меѓународниот стандард ISO 9001:2008, за Агенцијата за цивилно воздухопловство значи примена на принципите за квалитет во сите сегменти од нејзиното работењето. Комплетна имплементација на стандардот за квалитет е завршена , по што Агенцијата за цивилно воздухопловство се сертифицираше, па со примената на овој стандард Агенцијата треба:

- да ја покаже својата способност на доследно вршење на услугите и обезбедување квалитет што ќе ги задоволи барањата на корисниците, барањата на стандардите, националните прописи и меѓународните стандарди,
- да покаже ефикасност од примената на системот и да обезбеди усогласеност помеѓу барањата на корисниците и барањата што произлегуваат од прописите, вклучувајќи ги процесите на постојано подобрување на Системот за управување со квалитет.

Директорот на Агенцијата, во согласност со определбата за постојано подобрување на квалитетот на работните процеси, а во соработка со највисокото раководство на Агенцијата ја дефинира Политиката за квалитет на Агенцијата, која ги содржи:целите на организацијата,обврската за исполнување на барањата и постојано подобрување на Системот за управување со квалитет.

Политиката за квалитет на Агенцијата произлегува од мисијата на Агенцијата и е дел од нејзината вкупна деловна политика. Основна цел на Политиката за квалитет е да ги регулира активностите на воздушниот транспорт во Република Северна Македонијаи да постигне безбедно, редовно, ефикасно, економски и еколошки одржливо цивилно воздухопловство, кое ќе биде во согласност со меѓународните стандарди и во интерес на сите учесници, а особено кон заштита на патниците.

За реализација на оваа Политика, Агенцијата ги превзема следните практики и активности:

- воспоставување и градење на организациона структура со јасно дефинирани надлежности и одговорности, документирани процедури, надзор на Системот за управување со квалитет и преземање на мерки за негово постојано подобрување,
- постигнување регулаторна ефикасност и ефективност преку постојан надзор над воздушниот транспорт и следење и примена на меѓународните стандарди и најдобри практики, но и да ги реализира целите преку континуиран развој на човечките капацитети,
- се стреми кон воведување и исполнување на стандардите за квалитет и нивна одржливост кон подобрување на регионалната соработка и зголемување на активното учество и соработка со меѓународните воздухопловни организации и ЕУ заради хармонизација на националната воздухопловна легислатива со воздухопловното право на ЕУ и стандардите на ICAO, со што ќе придонесе за одржлив економски и општествен развој на Република Северна Македонија,
- примена на процесниот пристап во работењето како единствен систем на меѓусебно поврзани процеси,

- функционална и брза проточност на информации преку различни медиуми и веб страницата на Агенцијата,
- доследно спроведување на сите релевантни законски и други барања од областа на квалитетот, како и на друга домашна и меѓународна легислатива која се однесува на дејноста и процесите на Агенцијата,
- одлучување врз основа на направени анализи на податоците и информациите од мерењата на перформансите на процесите, согласно барањата на Системот за управување со квалитет.

Политиката за квалитет е достапна на сите вработени во Агенцијата и на јавноста.Во 2013 година Агенцијата беше серифицирана согласно барањата од меѓународниот стандард ISO 9001:2008. Во таа насока, во текот на јануари 2014 година извршена е интерна проверка од страна на сертификационото тело TUV Австрија која имаше за цел потврдување на исполнетоста на барањата од стандардот и продолжување на издадениот сертификат за ISO организација. Исто така, Агенцијата спроведе обуки на вработените со цел запознавање со системот за квалитет и обуки за интерни проверувачи.

Заради истварување на целите на работењето на Агенцијата за цивилно воздухопловство, со Годишните финансиски планови за ќе се обезбедат средства,за да се обезбедат услови за решавање и подигнување на нивото на техничка опременост,подигнување на капацитетот на знаења на воздухопловните и стручни кадри преку едукативни процеси во истакнати меѓународни и домашни центри за обуки а согласно Планот за обука на Агенцијата zа 2022 година и јакнење на кадровскиот потенцијал, доекипирање со неопходни воздухопловни и стручни кадри од специфични области во воздухопловството и средства за реализација на проекти поврзани со развојот на воздухопловство согласно насоките од меѓународните организации . Средства се обезбедуваат и за јакнење на функцијата на оделенијата за Потрага и спасување согласно надлежностите од Законот за воздухопловство

Тргнувајќи од оваа состојба разбирливи се напорите на ICAO,ECAC,EASA и EUROCONTROL и останатите институции во следење и информирање на земјите со развојот и ширењето на коронавирусот и состојбите во авиосообраќајот како и покренување на иницијативи за техничка помош ,на земјите членки,воздухопловните власти,давателите на услуги во воздухопловната навигација а особено на авиопревозниците за надминување на падот на финансиските приходи и надминување на финансиските ризици во идниот период. Сето ова ќе предизвика и тешкотии во одржување на функционалноста на системот на наплата на надоместоците во воздухопловната навигација како услов за финансиска стабилност на сите учесници во авиосообраќајот.

## 1.2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Агенцијата за цивилно воздухопловство се финансира согласно со член 12 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016, 31/2016 , 64/18 и Службен весник весник на Република Цеverна Македонија 220/19 ), односно извори на приходи се средствата добиени како дел од надоместокот остварен по основ на користење на услугите на воздухопловната навигација, дел од

надоместоците од аеродромската инфраструктура, како и надоместок од издавање уверенија, сертификати, дозволи, одобренија, надоместок за преглед на воздухоплови, надоместок за проверка на стручната способност на персоналот во воздухопловство и друг стручен персонал и дел од концесискиот надоместок за користење на аеродромите во Република Северна Македонија и други надоместоци.

## НАДМИНУВАЊЕ НА ПАНДЕМИЈАТА COVID 19

Пандемијата Covid 19што го зафати целиот Европски регион па и пошироко во 2020 година имаше директен и катастрофален удар врз воздушниот сообраќај и воздсухопловството во целина а со тоа и врз финансиското работење на Агенцијата за цивилно воздухопловство.Со оглед на нејзиното продолжено присуство и во 2021 година Агенцијата за цивилно воздухопловство во 2022 година се избори за одржување на финансиската стабилност и намалување на негативните последици и влијанија врз остварување на целите на нејзиното функционирање.

Оствареното ниво на воздушен сообраќај и финансиски резултати во 2022 година се оствариja и во согласност со напорите на ICAO,ECAC,EASA и EUROCONTROL и останатите институции во следење и информирање на земјите со развојот и ширењето на коронавирусот и состојбите во авиосообраќајот како и покренување на иницијативи за техничка помош ,на земјите членки,воздухопловните власти,давателите на услуги во воздухопловната навигација а особено на авиопревозниците за надминување на падот на финансиските приходи и надминување на финансиските ризици. Прогнозата издадена од Eurocontrol-Statfor за воздушниот сообраќај во периодот 2020-2024 година го прикажува големото влијание на Пандемијата Covid 19 врз авио сообраќајот во целина.

Агенцијата за цивилно воздухопловство во 2022 година согласно трендот на остварување на воздушен сообраќај и прелети над територијата на Република Северна Македонија, во минатите 10 месеци од 2022 година ќе оствари околу 407.000 услужни единици што во однос на остварените 395.000 услужни единици во 2019 година, претставува зголемување за 3,10 %



**ОСНОВИ ЗА ОДРЖЛИВО ФИНАНСИРАЊЕ**

Работењето на АЦВ се одвива според стандардите и препорачаните практики на документите од меѓународните организации во областа на воздухопловството. Република Северна Македонија е земја членка на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO) и ја има прифатено Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (Чикашка конвенција) и нејзините анекси со Уставниот закон на Република Македонија од 1991 година (Службен Весник на Република Македонија број 52/91). Согласно со член 37 од Чикашката конвенција, Република Северна Македонија е должна да ги усогласи своите национални правни прописи со стандардите и препорачаните практики содржани во анексите и документите што произлегуваат од Конвенцијата, а што првенствено се наменети за подобрување на безбедноста и сигурноста на цивилната воздушна пловидба. Најбитните суштински стандарди што се однесуваат на донесувањето прописи од областа на воздухопловството, организацијата и работата на воздухопловната власт во државата, нејзиното финансирање и другите прашања се уредени со стандардите на ICAO, содржани во Документот 9734.

Врз основа на гореспоменатото, АЦВ изготвува Тарифник за секоја година врз база на активностите и трошоците од претходната година, како и врз база на планираните претпоставени активности за наредната година. Опфаќањето на тоа кој дел од кои активности ќе се финансира, зависи од структурата и поставеноста на АЦВ, односно од тоа кој дел од кои активности се покрива.

Сите оние трошоци на АЦВ кои се поврзани со активности во смисла на контрола, надзор, донесување на прописи и други работи во делот на воздухопловната навигација се финансираат од делот кој се остварува од надоместокот од воздухопловна навигација. Ова е регулирано во член 2 од „Одлуката за висината и начинот на наплата и распределување на надоместокот за користење на услугите на воздухопловната навигација и начинот на утврдување на делот од надоместокот за користење на услугите во воздухопловната навигација" (Службен Весник на Република Македонија број 147/2008 година), каде се користи принципот на cost – recovery и ex – post de facto формула за пресметка на надомест на трошоците.

Да напоменеме дека делот од надоместокот за користење на услугите од навигација што го добива АЦВ, односно трошковникот за секоја наредна година, во согласност со член 8 од Регулативата на ЕЗ број1794/2006, а што е составен дел на гореспоменатата Одлука, е транспарентна, дадена на увид на корисниците на воздушниот простор претставени преку IATA (Меѓународно здружение на редовни авиопревозници во воздушниот сообраќај) и согласно со Мултилатералната спогодба со EUROCONTROL, што ја има ратификувано Република Македонија на 01.11.1998 година, е предмет на одобрување на „Проширениот комитет (Enlarged committee) за надоместоци".

Делот од концесискиот надоместок за користење на аеродромите во Република Северна Македонија, уплатен за претходната година, Агенцијата согласно Законот за измена и дополна на Законот за воздухопловство согласно член 12,став 6 и 7(Службен Весник на Република Македонијаброј 48/2020), може да го остварува преку доставување на предлог за користење на средства до Собранието, по претходно

добиено мислење од Владата на Република Северна Македонија и ќе донесе Одлука за користење на истите.

Дел од приходите се остваруваат од надоместоци за надзор над аеродромската инфраструктура и се однесува на трошоците кои се ангажирани и поврзани со активности на надзор, донесување прописи, нивна имплементација и др. во доменот на аеродроми и авиокомпании како и надзорот кој ќе треба да го врши Агенцијата во врска со Работниот аранжман за контрола на меѓународни воздухоплови на EASA, а се во согласностсо гореспоменатите регулативи и меѓународните преземени обврски и прописи.

Дел од приходите на АЦВ се остваруваат врз основа на Тарифник за издавање дозволи, уверенија, реализација на испити и други услуги во рамките на своите надлежности согласно со член 12 од Законот за воздухопловство.

Приходи се остваруваат врз основа на наплата на побарувања од камати од предходни години во судски и извршни постапки кои се реално очекувани за наплата а кои Агенцијата за цивилно воздухопловство ги планира за наплата во тековната година, согласно динамиката на спроведување на постапката.

Изработката на финансискиот план, како и финансирањето на Агенцијата за цивилно воздухопловство ,треба да обезбеди услови за остварување на целите на работењето утврдени во Програмата за работа и развој за 2023 година, како реализација на визијата кон која се стреми Агенцијата. Истовремено, планот и финансирањето обезбедуваат можности за јакнење на капацитетот и стручноста на воздухопловните кадри, кадровското екипирање, во согласност со препораките на Секретаријатот за европски прашања и Владата на Република Северна Македонија кои треба да бидат обезебедени преку реализација на Финансискиот план. Со обезбедувањето техничко технолошки системи, и примена на меѓународните препораки (ICAO Doc.9734) во однос на мотивираноста на стручниот кадар и условите за нивното работење ќе овозможиме остварување на безбедноста и сигурноста на авиосообраќајот во Република Северна Македонија како приоритет.

## 2. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

Со финансискиот план за 2023 година, планирани се следниве приходи:

1. Приходи како дел од надоместокот остварен со користење на услуги на воздухопловна навигација за 2023 година – **211.385.000,00** денари. Зголемувањето на приходите во однос на 2022 година е согласно растот на нивото на воздушниот сообраќај и давањето на услугите во воздухопловната навигација согласно податоците и прогнози за нивото на сообраќајот од меѓународните институции од областа на воздухопловството.Утврдените приходи се согласно постапката на утвдување на единечната цена на прелети во соработка со CRCO на Eurocontrol Брисел ;
2. Приходи од пловидбеност и регистар како надоместок за преглед на воздухоплови – **1.855.000,00** денари;Утврдениот износ се заснова на состојбата на авиоиндустријата во Република Северна Македонија,Тарифникот на Агенцијата за цивилно воздухопловство за остварени услуги и тенденциите во минатата година.

3. Приходи од летачка оператива – **510.000,00** денари; Утврдениот износ се заснова на состојбата на авиоиндустријата во Република Северна Македонија,Тарифникот на Агенцијата за цивилно воздухопловство за остварени услуги и тенденциите во минатата година.
4. Надомест за издавање, продолжување, обновување и промени на уверенија, сертификати, дозволи, одобренија и согласности – **1.256.000,00** денари како резултат на остварувањата во претходната година и донесениот Тарифникот на Агенцијата за цивилно воздухопловство за остварени услуги.
5. Приходи од аеродроми и аеродромски услуги – **1.500.000,00** денари како резултат на остварувањата во претходната година и донесениот Тарифникот на Агенцијата за цивилно воздухопловство за остварени услуги.
6. Надоместоци за сертификација – **10.180.000,00** денари. Приходите на оваа ставка поизлегуваат од сертификацијата на давателот на услуги на воздухопловна навигација М-нав АД Скопје која се остварува за две годишен период.
7. Дел од надоместокот за користење на полетнослетна патека и патека за возење, односно полетување, слетување и осветлување – **8.601.000,00** денари. Планираните приходи во 2023 произлегува од растот на остварувањето на планираните активности на аеродромите во Република Северна Македонија од предходната година и прогнозата за порастот на аеродромските операции и бројот на патници.
8. Други надоместоци и побарувања – **578.000,00** денари.
9. Дел од концесиски надоместок за користење на аеродроми – **0** денари;
10. Финансиски приходи – **795.000,00** денари,како приходи од реализација на Извршни судски решенија и камати.

Износот на финансиски средства како приход од дел од надоместокот во воздухопловна навигација се утврдува со трошковник на Агенцијата во зависност од административните трошоци и трошоците за безбедносен и континуиран надзор над давањето на услуги на воздухопловна навигација. Во рамки на вкупниот износ од точката 1 вклучена е и членаринатацпрема EUROCONTROL.

Приходите од точките 2, 3, 4 5 и 6 се пропишуваат со Тарифник за дадени услуги од Агенцијата кој го донесува Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Приходите од делот од надоместокот од точка 7 изнесуваат 2% од надоместокот за користење на полетно - слетната патека и патеките за возење, односно за полетување, слетување и осветлување, кој го наплатува операторот на аеродромот и месечно го уплатува на сметка на Агенцијата.

Другите надоместоци од точка 8 се поврзани со донации, заеми и друга финансиска и техничка помош и други надоместоци утврдени со Законот за воздухопловство и други прописи.

Приходите од точка 9 произлегуваат од одлуката на Владата и промената на Законот за воздухопловство со која се променија изворите за финансирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство и во која се дава можност Агенцијата за цивилно воздухопловство да се финансира и од концесискиот надоместок за користење на аеродромите во одредена постапка.

Приходите од точка 10 произлегуваат од очекуваните парични приходи од

наплата на побарувања од камати од предходни години во судски и извршни постапки кои се во тек и кои се реално очекувани за наплата а кои Агенцијата за цивилно воздухопловство ги планира за наплата во 2023 година.

Согласно горе наведеното,во Годишниот финансискиот план вкупните планирани приходи на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година изнесуваат **236.660.000,00** денари.

## 3. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

Агенцијата постојано врши подобрување на планирањето на финансирање и едно од главното подобрување во оваа насока беше прилагодувањето на планирање согласно реалните можности во услови на пандемија и потреби во услови на примена на меѓународни стандарди за финансиско известување IFRS(International Financial Reporting Standards) и следење на реалните трошоци во услови на мерки за заштеди и намалување на трошоците.

Планираните расходи на Годишниот финансискиот план за работењето на Агенцијата за цивилно воздухопловство во 2023 година се утврдени врз основа на можностите за потребни финансиски средства за реализација на програмските определби и цели на работењето,обврски за реализација на законски проекти,потребата за доопремување на деловен простор, потребата за обезбедување на техничко технолошки основи за остварување на надзорот на аеродромската инфраструктура и воздухопловната навигација,потреба од софтверски решенија за реализација на Проекти утврдени во Програмата за работа на Агенцијата за цивилно воздухопловство во 2023 година,потребата за континуирано јакнење на капацитетот на воздухопловните кадри и стручните кадри за едукација и подигање на капацитетот на Агенцијата како основ за обезбедување на високо ниво на безбедност и сигурност во областа на воздухопловството, потребата за јакнење на односите и соработката со меѓународните организации од областа на воздухопловството, имајќи ги предвид и обврските што Агенцијата ги има како членка на меѓународните организации.

### РАСХОДНА СТАВКА 003 – НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА И ОСТАНАТИ ПРАВА

Во расходна ставка – **003** останати нематеријални средства-патенти, лиценци, и софтверски решенија планиран е износ од **2.060.000,00** денари,

Утврдениот износ износ на планирани средства за оваа ставка во 2023 година во однос на 2022 е резултат на потребата за имплементација на софтверско решение во Одделението за дозволи во врска со тестирање на воздухопловните кадри, како остварување на услуга за exchange on line, што како набавки се утврдени во Планот за јавни набавки во 2023 година.

### РАСХОДНА СТАВКА 012 – ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

Во расходната ставка **012** – постројки и опрема, планирани е износ од **7.590.000,00** денари,средства кои наменски ќе се искористат со цел да се обезбеди:

1. технички средства и опрема за вршење на инспекциски надзор над безбедноста во воздушниот транспорт во делот на надзорот на аеродромите.

2. Набавка на компјутерско-информатичка опрема за ново вработени воздухопловно стручни кадри и помошна опрема неопходна за подобрување на перформансите на инспекциските и другите служби,како и набавка заради замена на опрема која е застарена.
3. Дообезбедување на средства за завршување на набавката опрема за сервер сала за обезбедување на капацитет и стандарди и можности за развој.

   Зголемувањето на планираните средства за оваа ставка во 2023 година во однос на планираните средства за 2022 е поради набавка на опрема за заштеда на електрична енергија,набавка на компјутерска опрема согласно застареноста на постоеќата и набавка на опрема за надзор над аеродромите во Република Северна Македонија согласно потребите во Планот за јавни набавки во 2023 и потребите на секторите во Агенцијата за цивилно воздухопловство.

## РАСХОДНА СТАВКА 013 – АЛАТИ, КАНЦЕЛАРИСКИ ИНВЕНТАР, МЕБЕЛ ИТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

"Во расходната ставка **013** – за алати, канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства, планирани се **0,00** денари.

Нмалувањето на средства во однос на 2022 година е согласно интенциите за заштеда и препораките од Владата на Република Северна Македонија.

## РАСХОДНА СТАВКА 401 – ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ

Во расходната ставка **401** – за трошоци за материјали во текот на 2023 година планирани се средства во износ од **800.000,00** денари, кои ќе се искористат за обезбедување на канцелариски материјали неопходни за извршување на работните задачи на вработените,тонери,набавки на пијалоци за бифето на Агенцијата и трошоци за материјали за чистење и одржување на хигиена на ниво на 2021 година.

Зголемувањето на планираниот износ на средства во 2023 година во однос на 2022 година е резултат на потребата од набавка на дигитални цертификати за период од наредните три години согласно Планот за јавни набавки за 2023 година.

## РАСХОДНА СТАВКА 403 – ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА

Во расходната ставка **403** – за трошоци за енергија, планирани се во износ од **8.500.000,00** денари.

Средствата ќе се искористат со цел намирување на трошоците за електрична енергија, користење на услугите на топлификационата мрежа и течните горива потребни за користење на возилата во Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Плнираните средства се зголемуваат за 2023 година во однос на 2022 година, како резултат на енергетската криза,потребата од набавка на електрична енергија на слободниот пазар согласно Планот за јавни набавки за 2023 година и поради планираните проекции за зголемувања на цените на енергенсите во 2023 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 408 – ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР**

Во расходната ставка 408 – за трошоци за ситен инвентар, планирани се средства во износ од **100.000,00** денари кои се намалени во однос на 2022 година и кои ќе се искористат за набавка на ситен инвентар со вредност помала од 500 евра за потребите на Агенцијата за цивилно воздухопловство во текот на 2023 година

**РАСХОДНА СТАВКА 410/411 – ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ / ПОШТЕНСКИ, ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТЕРНЕТ И КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ**

Во расходната ставка **410/411** - планирани се средства во износ од **1.300.000,00** денари, кои се зголемени во однос на планираните во 2022 година а средствата ќе се искористат за:

1. трошоците за фиксни телефони во деловните простории на Агенцијата за цивилно воздухопловство;
2. трошоци за користење на мобилни телефони за службените потреби на вработените
3. трошоци за користење на интернет мрежата за внатрешна и меѓународна соработка;
4. трошоци за поштенски услуги и брза пошта во странство како и курирски услуги. Зголемениот износ на планирани средства за 2023 година е резултат на потребата за подобрување на користење на интернет комуникацијата согласно барањето на инспекторскиот воздухопловен кадар за реализација на надзорот над воздухопловната навигација и аеродромите во Република Северна Македонија

**РАСХОДНА СТАВКА 413 – УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА**

"Во расходната ставка **413–** за услуги за одржување и заштита, планирани се средства во износ од **6.550.000,00** денари.

Средствата во 2022 година ќе се користат за активности на Агенцијата, и тоа:

1. одржување,контрола и подобрување на инсталационите врски за електрично напојување и осветлувањето,
2. услуги за одржување на интернет мрежата,
3. услуги за одржување на телефонска централа и контрола и подобрување на постоечките и поставување на новителефонски локали,
4. молерофарбарски услуги,
5. услуги за чистење на деловните простории на Агенцијата,
6. услуги за одржување на копир апарати,
7. одржување на компјутерски клиентски машини и принтери,
8. услуги за одржување на системот на видео надзор,
9. одржување на интегриран софтвер за материјално финансиско работење,
10. одржување на централните сервери во Агенцијата за цивилно воздухопловство.
11. одржување, поправка и сервисирање на возен парк на Агенцијата одржавање и резервни делови согласно големината и состојбата на возниот парк водејќи сметка на трошоците од претходните години.

13. одржување, поправка и репарација на постоечкиот мебел,
14.поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема,
15.услуги за поправки и одржување на опрема за ладење и климатизација
16.одржување на систем за ПП заштита и ПП апарати,

Зголемувањето на износот на планираните средства во 2023 година е зголемен за 2.390.000 денари во однос на 2022 година.

Планираниот износ на средства е зголемен во 2023 година поради потребата од изведување на градежни и занаетчиски работи за отстранување на дефекти на канализациона инсталација, хидроизолација на дел од деловниот простор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, како и изведување на електро инсталациони работи за заштеда на електрична енергија согласно Планот за јавни набавки во 2023 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 414 – НАЕМ – ЛИЗИНГ**

Планираниот износ за расходната ставка – **414** наем –лизинг е **1.810.000,00** денари. Во овие трошоци се трошоците за закупен деловен простор за нормално функционирање на секторите преку Договор за закуп на деловен простор остварен кон крајот на 2019 година, закуп на паркинг простор од ЈП градски паркинг и наем на деловен простор за work shop-ови и обуки на вработените

Зголемувањето на износот на планираните трошоци во 2023 година во однос на планираните трошоци во 2022 година е поради потреба за наем на деловен простор за групна обука на вработените согласно соработката со Академијата на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Сингапур

**РАСХОДНА СТАВКА 415 – ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

Во расходната ставка 415- трошоци за комунални услуги,планирани се средства во 2022 година во износ од **100.000,00** денари, кои ќе се искористат за покривање на трошоците за потршена вода во Агенцијата за цивилно воздухопловство и кои средства се еднакви со планираните во 2021 година.

Минималното зголемување е согласно планирано зголемување на цените на комуналните услуги.

**РАСХОДНА СТАВКА 419 – ОСТАНАТИ УСЛУГИ**

Во расходната ставка **419** – останати трошоци, планирани се средства во износ од **200.000,00** денари, кои ќе се искористат за покривање на трошоците за:

1. трошоци за хигиенско техничка заштита,графички услуги за печатење на формулари за дозволи за воздухопловен и стручен кадар и услуги за чистење на деловни простории и возила,
2. плаќање на трошоци за патарини во Република Македонија и странство;
3. трошоци за регистрација на новонабавени и постоечи моторни возила и технички преглед на истите,
4. трошоци за деризатизација и дезинсекција,
5. дигитални цертификати за потребите на јавни набавки

6. други потреби на Агенцијата.

## РАСХОДНА СТАВКА 421 – ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА – БРУТО

Во расходната ставка **421** – плати и надоместоци на плата за 2023 година планиран е износ на средства од **126.700.000,00** ден.

Средствата ќе се искористат за покривање на основна плата, надоместоци на плата, здравствено и пензиско осигурување, надоместок за успешност, ноќен труд, празнична работа, прекувремена работа и останати надоместоци на плата согласно Закон, Правилник за плати и Колективен договор.

Примањата на вработените се во согласност со меѓународните регулативи за нивото на платите усогласени со платите во авиоиндустријата при што во Република Северна Македонија тие се пониски од платите на вработените во регулаторните тела во соседните држави и од давателот на услуги во воздухопловната навигација во Република Северна Македонија. Токму заради тоа Агенцијата доаѓа до потешкотии при обезбедување на високо стручни воздухопловни кадри со потребни обуки. Нивото на платите на вработените мора да биде на она ниво што ќе обезбеди мотивациона активност за остварување на квалитетен надзор врз учесниците во авиосообраќајот, да создава услови за подигање на одговорноста во работењето а сотоа и подигнување на нивото на безбедноста и сигурноста на воздушниот сообраќај и воздухопловните прелети над територијата на Република Северна Македонија.

Согласно препораките на Европската комисија, за јакнење на кадровскиот потенцијал, поради одлив на високо стручен воздухопловен кадар во претходните години и пензионирање на вработени , согласно Планот за вработувања на Агенцијата за цивилно воздухопловство во 2023 поврзан со Систематизацијата на работни места,се планира вработување на вкупно осум вработени, од кои: нови пет вработувања и три вработувања на испразнетите работни места поради пензионирање.

## РАСХОДНА СТАВКА 422 – ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

Во расходната ставка **422** –предвиден е износ од **1.750.000,00** денари.Зголемените планирани трошоци за 2023 година во однос на 2022 година се согласно обврските од потпишаниот Колективен договор на вработените во Агенцијата за цивилно воздухопловство и реализацијата на истите во 2023 година.

Утврдениот износ на трошоци за вработени во 2023 година произлегува од исплата на испратнини за одење во пензија и останати трошоци за надомест на вработени согласно законски одредби и согласно потпишан Општ колективен договор и Колективен договор на ниво на Агенцијата .

## РАСХОДНА СТАВКА 432 – ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА

Во расходната ставка **432** – трошоци за амортизација, во 2023 година планирани се средства за пресметка на амортизација во износ од **2.500.000,00** денари

согласно состојбата и степенот на амортизираноста на постојаните средства.

## РАСХОДНА СТАПКА 440 – ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

Во Расходна ставка **440** – дневници за службени патувања,за 2023 година планирани се трошоци за службени патувања во износ од **3.000.000,00** денари.

Износот на планирани средства за расходната ставка 440 за 2023 година е зголемен како резултат на намалената динамика на реализација на дообучување и обучување на ново вработените во услови на рестрикција на патувања во услови пандемија од 2020 и 2021 година, Годишната програма за работа на Агенцијата за цивилно воздухопловство, за 2023 година и континуираните активности и реализација на соработката со меѓународните организации и планирани обуки за новвработениот воздухоплoвен стручен персонал во 2023 година во Eurocontrol и JAA Training Organisation Netherlands, EASA, ECAC и меѓународните специјализирани центри за обука на воздухоплoвен персонал во новонастанати услови.

Изност на зголемени планирани трошоци за дневници и службени патувања се заради меѓународната соработка,и посети и учества во работата на ICAO, ECAC, EUROCONTROL и EASA како и посета на школски центри за обуки на воздухопловниот кадар согласно Програмата за обуки на Агенцијата за цивилно воздухопловство а кои во предходните години учествуваше со **19,9%** во трошоците на оваа ставка.

Во овие трошоци се вклучени и хотелските услуги во странство,превоз и останати зависни трошоци и хотелски услуги во земјата. Вкупното учество на авионскиот превоз и сместување за патувањата во странство во вкупниот износ на овие трошоци е околу **80,1%**.

Со цел јакнење на меѓународната соработка со клучните институции на воздухопловната меѓународна заедница кои го движат развојот на цивилното воздухопловство и учество во работата во нивните тела и работилници, семинарите и обуките организирани од овие тела како и учество во меѓународните проекти кои ги води Европската комисија и Европската Агенција за цивилно воздухопловство а со цел остварување на развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство како дел од светскиот и европскиот систем на воздушен транспорт а кои се утврдени во визијата, мисијата и статешките цели во програма на работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство и јакнење на соработката со меѓународни институции и регионална соработка се предвидува:

- ограничено присуство на редовните состаноци во работните тела, комисии и форуми, конференции, симпозиуми, конгреси на Европска конверенција за цивилно воздухопловство, European Civil Aviation Conference (ECAC) со цел исполнување на обврските од членството во оваа организација.
- врз основа на обврските кои ги презема Агенцијата за цивилно воздухопловство со потпишување на Работните договори за соработка со Европската Агенција за безбедност во воздухопловството (EASA) на Европската унија како и Работниот договор за соработка во инспекција и размена на информации за странски воздухоплови (Програма SAFA), Агенцијата ќе учествува во работата на заеднички работни тела и комисии како што се Управниот одбор (Management Board) на EASA, Заедничкиот комитет (Joint Committee) на EASA, работните групи на ESCA

(AGNA), работните групи на SAFA како и на потребните семинари, работилници, конференции, симпозиуми, конгреси и форумите кои ги организира EASA.

Мора да се напомене дека со проширувањето на надлежностите на EASA во доменот на аеродромите и контрола на летање се очекува формирање на нови работни групи, работилници, семинари и форуми и ќе обезбедиме потребно присуство на претставници од Агенцијата за цивилно воздухопловство. Агенцијата за цивилно воздухпловство по згаснување на системот на JAA сега работи на заеднички проект со EASA за конвергенција со цел усогласеност и стандардизација на работните процедури и регулативата со онаа на националните воздухопловни власти во Европскта унија.

- со цел исполување на обврските од членството во EUROCONTROL, предвидено е динамично присуство и учество на преставниците од Агенцијата на состаноците, работните тела, конференции, комитети, симпозиуми, конгреси, семинарите, работилниците, форуми и други активности во оваа организацијата како и во работата на телата на организацијата особено во Привремениот совет (Provisional Counsil), Комисија за регулирање на безбедноста (Safety Regulation Commision) и задолжителните состаноци на комитетите , комисиите и групите на EUROCONTROL за финансии, за прелети, (Enlarged committee for route charges, Working group for route charges, Standing Committee for finance),
- со цел исполување на обврските од членството во ICAO, предвидено е присуство и учество на преставниците од Агенцијата на состаноците, работните тела, конференции, симпозиуми, конгреси, семинарите, работилниците, форуми и други активности во оваа организацијата како и во работата на телата на организацијата и присуство на Генерално собрание на ова тело.
- агенцијата со своите преставници ќе учествува во јакнење на регионалната соработка во воздушниот транспорт и во годината која доаѓа планира да склучи нови Меморандуми за соработка со воздухопловните власти од повеќе земји во регионот но и со други воздухопловни власти каде постои интерес и потреба за соработка,
- меѓународната соработка ќе биде насочена кон преговори за склучување на Билатерални и Мултилатерални спогодби со повеќе земји кои имаат интерес да воведат редовен и нередовен воздушен транспорт во Република Македонија,
- посета на школувања, обуки и тренинзи во Центрите за обука основани и управувани од страна на горе наведените организации како што се Институтот за воздухопловна навигација на EUROCONTROL – Luxembourg, JAA TO и ICAO,
- посета на задолжителна обука, семинари, симпозиуми, работилници, конференции за менаџментот како и обука во некои од институтите на IATA за Aviation Management, IANS и др.

Генерална забелешка: Одредени службени патувања, состаноци, обуки и конференции, симпозиуми, конгреси, семинарите, работилниците,одредени форуми не можат да се планираат и предвидат однапред и ќе зависат од потребите на меѓународната воздухопловна заедница и Република Северна Македонија како и условите и состојбите во воздушниот транспорт.

**РАСХОДНА СТАВКА 441 – НАДОМЕСТ ЗА ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

Во расходната ставка **441** – надомест за трошоци на вработените,(едукација) во 2023 година планирани се средства во износ од **6.000.000,00** денари.

Зголемениот износ на планирани средства за расходната ставка 441 за 2023 година во однос на 2022 година произлегува од целите на остварувањето на политиката на јакнење на кадровскиот потенцијал на високостручниот воздухопловен персонал, стручниот персонал во воздухопловството кои ќе продолжи и во 2023 година со реализација на обука од страна на Академијата на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Сингапур на дел од високо стручен воздухоплoвен персонал, особено поради намалената динамика на реализација на дообучување и обучување на ново вработените во услови на рестрикција на патувања согласно пандемија од 2020 и 2021 година.

Токму заради тоа се планираат рефреш на обуки на воздухопловниот персонал и стручниот персонал во воздухопловството на постоечките вработени но и обуки на нововработените во текот на 2023 година од различни области.

Средствата од расходната ставка 441 ќе се користат и за , учество за едукација за надградба на информатичките знаења,знаења на странски јазик,учество на семинари, работилници, одржување на обуки за задржување на воздухопловни дозволи,лекарски уверенија, тековни обуки неопходни за обавување на дејноста и останати надомести поврзани со вработените и нивната едукација и стручност.Покрај намалениот износ на планирани платени обуки Агенцијата за цивилно воздухопловство максимално ги користи и можностите што едукативните центри на меѓународните организации on-line ги даваат за потребите на Агенциите без надоместок согласно Планот за обуки за 2023 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 442 – ТРОШОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР**

Во расходна ставка **442** – Трошоци за членови на Управен одбор, планирани се трошоците за исплата на надоместоци на тројцата членови на Управниот одбро на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година во вкупен износ од **500.000,00** денари, усогласени со одредбите од Законот за воздухопловство каде во процентуален износ се утврдува надоместокот на Претседателот и членовите на Управниот одбор и согласно порастот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија.

**РАСХОДНА СТАВКА 443 – ТРОШОЦИ ЗА СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ**

Во расходната ставка 443 – трошоци за спонзорства и донации нема планирано средства за 2023 година.

**РАСХОДНА СТАВКА 444 –ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА**

Во расходната ставка **444**– трошоци за репрезентација во текот на 2023 година планирани се средства во износ од **500.000,00** денари.

Износот на планирани средства за расходната ставка 444 за 2023 година наменски ке се искористат за промоција на Агенцијата за цивилно воздухопловство за време на престој на странски делегации на воздухопловните власти EASA,

EUROCONTROL, ICAO ЕК и тимовите за проценка на ЕСАА, како и со учесниците во авиосообраќајот во Република Северна Македонија,при реализација на проекти и активности насочени кон обуки на воздухопловниот персонал и стручниот персонал во воздухопловството за обучувачи од странство или гости.

Дел од средствата ќе се искористат поради активноста на Агенцијата за цивилно воздухопловство на меѓународен план,подржување на регионални обуки во Република Северна Македонија а ќе бидат искористени и за покривање на трошоци за:

1. промоција на информации на Агенцијата со цел презентација на активностите на Агенцијата во делот на односи кон јавноста,
2. организација на состаноци со авиокомпании, аеродромите, давателите на услуги во воздухопловна навигација, државните институции поврзани со воздушниот транспорт согласно обврските од Законот за воздухопловство каде Агенцијата е претседавач со Националниот комитет за безбедност и олеснување и двигател на социјалниот дијалог во авиоиндустријата како и соработката со други регулаторни тела,
3. трошоци за репрезентација во земјата и странство на Агенцијата при комуникациите на состаноците со претставници од меѓународните институции како и заради комуникациите при регионалната соработка со регулаторите од соседните земји.

## РАСХОДНА СТАВКА 445 – ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Во расходната ставка **445** – трошоци за осигурување на вработените, планирани се средства во износ од **900.000,00** денари за 2023 година.

Зголемениот износ на планирани средства за 2023 година во однос на 2022 година е резултат на порастот на цените на услугите во 2023 година, како и поради проширување на осигурувањето од авиоодговорност за корисниците на авионот Zlin во сопственост на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Расходната ставка ќе се искористи за:

1. осигурување на моторни возила и основни средства
2. осигурување на деловниот простор од пожар и стакла,
3. осигурување на компјутерската опрема, серверите и постојните средства во рамки на регистарот на постојните средства на Агенцијата за цивилно воздухопловство,
4. осигурување на вработените во Агенцијата при патување во странство,
5. осигурување од поплавување во деловните простории во Агенцијата за цивилно воздухопловство.
6. Осигурување на авион ZLIN и авиоодговорност.

## РАСХОДНА СТАВКА 446 – БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Во расходната ставка **446** – банкарски услуги и трошоци за платен промет, во 2023 година планирани се средства во износ од **500.000,00** денари.

Зголемениот износ на планирани средства за 2023 година во однос на планираните средства за 2022 година е согласно зголемените планирани приливи од странство, зголемените исплати на меѓународните организации за членарини , каде што се замени во предвид банкарските провизии и трошоци за платен промет во

земјата и странство, како и останатите банкарски услуги поврзани со финансиските обврски на Агенцијата за цивилно воздухопловство согласно Годишниот Финансискиот план.

## РАСХОДНА СТАВКА 447 – ЧЛЕНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ

Во расходната ставка **447** – членарини и други давачки, во 2023 година предвидени се и планирани **51.500.000,00** денари.

Зголемениот износ на планирани средства во 2022 година за членарини и давачки кон меѓународните организации од областа на воздухопловството, во однос на 2022 година, е резултат на зголемените планирања на остварување на приходи од прелети. согласно планирањата за заздравување на воздухопловството по пандемијата од 2020 година ,при што износите се определуваат со Одлуки на Работните тела на меѓународните организации со кои се задолжува секоја држава за својот финансиски придонес.

Овие трошоци се за членство на Република Македонија во EUROCONTROL Брисел, ICAO и ECAC. Трошоците од оваа расходна ставка ќе се искористат со цел Агенцијата за цивилно воздухопловство која е членка на меѓународни организации, да работи според одредени стандарди и препорачани практики и исполнување на специфични обврски поврзани со сите аспекти на работењето.

Од 09.01.1993 година Република Македонија е членка на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO), специјализирана агенција на Обединетите Нации, основана во 1944 год., чија цел е да поттикнува соработка помеѓу нациите, за да може меѓународното цивилно воздухопловство да се развива на безбеден и регулиран начин, а меѓународниот воздушен сообраќај да се воспоставува врз основа на еднакви можности и да се врши правилно и економично.

Од 03.07.1997 година Република Северна Македонија е членка на Европската конференција за цивилно воздухопловство (ECAC), меѓувладина организација основана во 1955 година за унапредување на континуираниот развој на безбеден, ефикасен и одржлив систем на воздушниот сообраќај во ЕвропаОд 1.11.1998 година Република Северна Македонија е членка на Европската организација за безбедност на воздухопловната навигација (EUROCONTROL), основана во 1960 година, чија мисија е да ги усогласи и интегрира услугите за воздухопловна навигација во Европа, со цел да создаде изедначен систем за управување со воздушниот сообраќај за цивилните и воените корисници, за да постигне сигурен, безбеден, уреден, експедитивен и економичен проток на сообраќај низ цела Европа, притоа сведувајќи го на најниско ниво влијанието врз околината. Од 03.12.2008 година АЦВ е полноправна членка на Европските заеднички воздухопловни власти (JAA), придружно тело на ECAC, основано во 1970 година, кое ги застапува националните воздухопловни власти на 43 европски земји, кои соработуваат во изработувањето и спроведувањето на заеднички безбедносни регулаторни стандарди и процедури.

На 06.07.2009 година Агенцијата склучи работен договор со EASA и со тоа Република Северна Македонија стана земја обсервер во нејзината работа.. .Согласно Договорот (Working Arrangement) EASA, потпишан во ноември 2013 година, превземени се обврски за стандардизирани инспекции.Согласно обврските Агенцијата за цивилно воздухопловство во соработка со EASA и Европската комисија испраќаат инспекции за увид во состојбата за што се плаќа соодветен надоместок пропишан во

овој Договор.

Согласно претходно кажанато во врска со членството на Република Северна Македонија во овие меѓународни организации и здруженија од областа на воздухопловството, Агенцијата за цивилно воздухопловство превзема обврска за плаќање на годишна членарина за членство во EUROCONTROL, како и во другите меѓународни воздухопловни организации а нивните износи се определуваат со одлуки на Работните тела на организациите.

## РАСХОДНА СТАВКА 449 – ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО

Во расходната ставка **449** – останатите трошоци на работењето, во текот на 2023 година се планирани средства во износ од **13.800.000,00** денари.Планираните средства за 2023 година во однос на 2022 година се минимално зголемени .

Планираните средства ќе се искористат за :

1. користење на консултански услуги или експерти од различни области во воздухопловството за подигање на нивото на превземените обврски согласно меѓународните регулативи во однос на извршувањето на функциите на Агенцијата со Договори за услуги за конкретни задачи или склучување на авторски договори,
2. користење на консултантски услуги и експерти од разни области во воздухопловството за подигање на нивото на превземени обврски согласно регулативите во однос на извршување на функциите на Агенцијата со ангажирање на ресурси со договори за привремени вработувања,
3. користење на услуги за годишна контрола на квалитетот и советодавна помош при изготвување на процедури за имплементација на нови меѓународни сметководствени стандарди во единица за финансиски прашања на Агенцијата,
4. користење на консултантски услуги за изготвување на годишни и квартални финансиски извештаи, завршна сметка и план за јавни набавки на Агенцијата за цивилно воздухопловство,
5. правни и адвокатски услуги неопходни за непречено функционирање на Агенцијата како независно регулаторно тело,
6. нотарски услуги на документација,
7. ревизија на финансиските резултати согласно законската обврска за поднесување на финансиски извештај изготвен од независен ревизор до Собранието на Република Северна Македонија за резултатите на работењето на Агенцијата за цивилно воздухопловство,
8. реализација на здравствени прегледи на вработените, трошоци за весници и списанија, стручни списанија и услуги од печатени медиуми во Република Македонија,
9. користење на консултантски услуги за вршење инспекциски надзор над субјектите на воздухопловната индустрија,користење на консултантски услуги за подготовка на Агенцијата за EASA и ESAA инспекции најавени од Европска комисија,за изготвување на прирачници за лиценцирање на воздухопловен персонал и внатрешни процедури и чек листи,за ревидирање и имплементација на процедури за издавање на PART 66 дозволи,
10. реализација на договори со Мнав АД Скопје согласно потписан меморандум за соработка,

11. средување на архивата, архивската граѓа и документација,судски трошоци и трошоци за стручни списанија, објавување на книги и стручна литература,
12. анализа на пазарот на воздушен транспорт во Република Северна Македонија,
13. испитување на јавното мислење на крајните корисници за услугите на воздухопловата индустрија,
14. организирање на едукативни семинари за аероклубови,организирање на работилници за воздухопловната индустрија и други едукативни активности за вработените и индустријата кои може да бидат потребни во зависност од промената на законите, регулативата, имплементација на стандарди и други промени во индустријата,
15. други потреби кои ќе произлезат од обврските на Агенцијата.
16. Организирање на манифестација по повод јубилеј за почетоците на воздухопловството во Република Северна Македонија

Согласно горе наведените расходни ставки вкупните планирани расходи на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година изнесуват **236.660.000,00** денари.

**Прилог 1 ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗА 2023 ГОДИНА**

**1.Приходи**

| реден број | Ставка | Опис | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 1. | 74210 | Приходи како дел од надоместок од услуги вовозд. навигација | 211.385.000 |
| 2. | 74010 | Приходи од пловидбеност и регистар | 1.855.000 |
| 3. | 74020 | Приходи од летачка оператива | 510.000 |
| 4. | 74030 | Надоместок од издавање и промена на уверенија, дозволи, одобренија и согласности | 1.256.000 |
| 5. | 74040 | Приходи од аеродроми и аеродромски услуги | 1.500.000 |
| 6. | 74050 | Надоместоци за сертификација | 10.180.000 |
| 7. | 74060 | Дел од надоместок за користење на полетно-слетна патека, полетување, слетување и осветлување | 8.601.000 |
| 8. | 74090 | Други надоместоци | 578.000 |
| 9 | 76999 | Дел од концесиски надоместок за користење на аеродроми | 0 |
| 10. | 77410 | Финансиски приходи | 795.000 |
| | | ВКУПНО **денари:** | **236.660.000** |

## 2.Расходи

| реден број | Ставка | Опис | Износ денари |
|---|---|---|---|
| 1. | 003 | Нематеријални с-ва и останати права | 2.060.000 |
| 2. | 012 | Постројки и опрема | 7.590.000 |
| 3. | 013 | Алат, канц. инвентар, мебел и транс. ср. | - |
| 4. | 401 | Трошоци за материјали | 800.000 |
| 5. | 403 | Трошоци за енергија | 8.500.000 |
| 6. | 408 | Трошоци за ситен инвентар | 100.000 |
| 7. | 410/411 | Транспортни услуги и комуникациски услуги | 1.300.000 |
| 8. | 413 | Услуги за одржување и заштита | 6.550.000 |
| 9. | 414 | Наем – лизинг | 1.810.000 |
| 10. | 415 | Трошоци за комунални услуги | 100.000 |
| 11. | 419 | Останати услуги | 200.000 |
| 12. | 422 | Трошоци за вработени | 1.750.000 |
| 13. | 432 | Трошоци за амортизација | 2.500.000 |
| 14, | 440 | Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 3.000.000 |
| 15. | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 6.000.000 |
| 16. | 442 | Трошоци за членови на управен одбор | 500.000 |
| 17. | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 0 |
| 18. | 444 | Трошоци за репрезентација | 500.000 |
| 19. | 445 | Трошоци за осигурување | 900.000 |
| 20. | 447 | Членарини и други давачки | 51,500.000 |
| 21. | 446 | Банкарски услуги и тр. за платен промет | 500.000 |
| 22. | 449 | Останати трошоци на работењето | 13.800.000 |
| 23. | 421 | Плата и надоместоци на плата – бруто | 126.700.000 |
| | | **ВКУПНО денари:** | **236.660.000** |

**Прилог 2 СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2023 И ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

**1. Приходи**

| Конто | ВИД НА ПРИХОД | Планирани приходи 2023 | Планирани приходи 2022 | Показател на планирани приходи (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 74210 | Приходи како дел од надоместокот од услуги во воздухопловната навигација | 211.385.000 | 178.100.000 | 118,69% |
| 74010 | Приходи од пловидбеност и регистар | 1.855.000 | 1.450.000 | 127,93% |
| 74020 | Приходи од летачка оператива | 510.000 | 571.000 | 89,31% |
| 74030 | Надоместоци за издавање и промена на уверенија, дозволи, одобренија и согласности за субјекти од воздухопловство | 1.256.000 | 1.050.000 | 119,62% |
| 74040 | Приходи од аеродроми и аеродромски услуги | 1.500.000 | 900.000 | 166,66% |
| 74050 | Надоместоци за сертификација | 10.180.000 | 10.180.000 | 100,00% |
| 74060 | Дел од надоместокот за користење на полетно-слетна патека за возење,полетување, слетување и осветлување | 8.601.000 | 4.150.000 | 207,25% |
| 74070 | Надоместоци за проверка на стручна способност на возд.персонал | 0 | 0 | 0 |
| 76999 | Дел од концесиски надоместок за користење на аеродроми | 0 | 0 | 0 |
| 74090 | Други надоместоци | 578.000 | 500.000 | 115,60% |
| 77410 | Финансиски приходи | 795.000 | 1.589.000 | 50.03% |
| | ВКУПНО денари: | 236.660.000 | 198.490.000 | 119,30% |

**2. Расходи**

| реден број | Ставка | Опис | Планиран износ денари 2023 година | Планиран износ денари 2022 година | Показател на планирани приходи (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | 003 | Нематеријални средства и останати права | 2.060.000 | 1.760.000 | 117,04% |
| 2. | 012 | Постројки и опрема | 7.590.000 | 4.890.000 | 155,21% |
| 3. | 013 | Алат, канц.инвентар, мебел и транспортни . средства | 0 | 2.400.000 | 0% |
| 4. | 401 | Трошоци за материјали | 800.000 | 350.000 | 228,57% |
| 5. | 403 | Трошоци за енергија | 8.500.000 | 2.000.000 | 425,00% |
| 6. | 408 | Трошоци за ситен инвентар | 100.000 | 250.000 | 40,00% |
| 7. | 410/411 | Транспортни услуги и комуникациски услуги | 1.300.000 | 950.000 | 136,84% |
| 8. | 413 | Услуги за одржување и заштита | 6.550.000 | 4.160.000 | 157,45% |
| 9. | 414 | Наем – лизинг | 1.810.000 | 1.500.000 | 120,66% |
| 10. | 415 | Комунални услуги | 100.000 | 80.000 | 125,00% |
| 11. | 419 | Останати услуги | 200.000 | 200.000 | 100,00% |
| 12. | 422 | Трошоци за вработени | 1.750.000 | 1.640.000 | 106,70% |
| 13. | 432 | Трошоци за амортизација | 2.500.000 | 3.360.000 | 74,40% |
| 14. | 440 | Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 3.000.000 | 1.000.000 | 300,00% |
| 15. | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 6.000.000 | 600.000 | 1.000,00% |
| 16. | 442 | Трошоци за членови на управен одбор | 500.000 | 500.000 | 100,00% |
| 17. | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 0 | 0 | 0.00% |
| 18. | 444 | Трошоци за репрезентација | 500.000 | 500.000 | 100,00% |
| 19. | 445 | Трошоци за осигурување | 900.000 | 600.000 | 150,00% |
| 20. | 447 | Членарини и други давачки | 51.500.000 | 47.500.000 | 108,42% |
| 21. | 446 | Банкарски услуги и тр. за платен промет | 500.000 | 350.000 | 142,85% |
| 22. | 449 | Останати трошоци на работењето | 13.800.000 | 13.200.000 | 104,54% |
| 23. | 421 | Плата и надоместоци на плата – бруто | 126.700.000 | 110.700.000 | 114,45% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО денари: | 236.660.000 | 198.490.000 | 119,30% |